Македонски центар за меѓународна соработка

# ПРАВИЛНИК

## за избор на органи на општо управување и надзор на Македонскиот центар за меѓународна соработка

ноември, 2008

# ПРАВИЛНИК

## за избор на органи на општо управување и надзор на Македонскиот центар за меѓународна соработка

## СОДРЖИНА

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ** ........ 3

**II. ИЗБОР** ........ 4

1. Заеднички одредби ........ 4

2. Номинациски комитет ........ 5

3. Предлагање и утврдување на кандидати ........ 6

4. Спроведување на изборите ........ 7

5. Избор на совет ........ 8

6. Избор на управен одбор ........ 9

7. Избор на комисија за ревизија ........ 9

8. Избор на работни тела ........ 10

**III. ОДГОВОРНОСТ И ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ** ........ 10

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** ........ 11

Врз основа на член 16 и 104 од Статутот на Македонскиот центар за меѓународна соработка (д.б. 01-373/1-2008), Советот на VI-та седница одржана на 12 ноември 2008 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за избор на органи на општо управување и надзор на Македонскиот центар за меѓународна соработка

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на правилникот

Член 1

Со овие правила се уредува начинот, условите и постапката за избор на органи на општо управување и надзор, како и на работните тела, на Македонскиот центар за меѓународна соработка (во понатамошниот текст МЦМС).

Органи на општо управување и надзор на МЦМС се: Советот, Управниот одбор, Комисијата за ревизија.

Органи за избор

Член 2

Членовите на новиот Совет поединечно ги избира постојниот (актуелниот) Совет со мнозинството од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Членовите на Управниот одбор ги избира Советот со мнозинство од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Членовите на Комисијата за ревизија ги избира Управниот одбор со мнозинство од бројот на членовите во Управниот одбор кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Членовите на постојаните и привремените комисии и други работни тела, основани од Советот или Управниот одбор, се избираат со мнозинство од бројот на членовите во соодветниот орган кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Членовите на органи на општо управување и надзор на МЦМС се избираат за време од четири години, со право на два повторни избори. Членовите на постојаните и привремените комисии и други работни тела се избираат за период утврден со актот за основање.

Избор на постојани и привремени работни тела

Член 3

За расправа по прашањата од својата надлежност, Советот и Управниот одбор основаат комисии и други работни тела, кои се основаат како постојани или како привремени.

Членовите на постојаните и привремените комисии и други работни тела, основани од Советот или Управниот одбор, се избираат со мнозинство од бројот на членовите во соодветниот орган кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Со актот за основање се утврдува предмет и делокруг на работа, бројноста, периодот на работа и се врши изборот на членовите.

Распишување на изборите

Член 4

Изборите за членови на органите на општо управување и надзор ги распишува претседавачот на Управниот одбор, најмалку еден месец пред истекот на периодот за кој е избран органот на општо управување и надзор.

Со актот за распишување на изборите се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборите и денот на одржување на изборите.

Избор на непополнети и испразнети места

Член 5

Доколку не се изберат онолку членови колку што бројат посебните органи на општо управување и надзор, постапката за избор на непополнетите места се повторува, во рок утврден со актот за повторни избори.

Постапка за избор се спроведува и за испразнети места во случај на оставка или разрешување на член на органите на општо управување и надзор, во рок утврден со актот за повторни избори.

Изборите се распишуваат во рок од два месеци доколку бројот на членови на посебните органи на општо управување и надзор се намали под две третини од утврдената бројност на органот.

Членовите избрани за непополнети или испразнети места имаат мандат во траење на мандатот на постоечките членови на органите.

Одговорност

Член 6

Органите на општо управување и надзор колективно и секој негов член индивидуално одговараат за својата работа пред органот што ги избрал и се одговорни за остварување на прокламираните цели на МЦМС.

# II. ИЗБОР

## 1. Заеднички одредби

Принцип на неизвршност

Член 7

Советот, Управниот одбор и Комисијата за ревизија се составени исклучиво од неизвршни членови, односно членови кои не се вклучени во секојдневното управување и не се во работен однос во МЦМС.

Избор на членовите

Член 8

Членовите на Советот и на Управниот одбор ги избира Советот.

Членовите на Комисијата за ревизија ги избира Управниот одбор.

Кандидатите за членови на органите на општо управување и надзор треба да бидат лица со интегритет, компетентност и афирмативност.

Еднаквост и афирмативност

Член 9

Членовите на Советот и на Управниот одбор треба соодветно да го претставуваат општеството, да бидат претставителни во однос на полот, возраста, етничкото потекло, социјалниот статус, верските уверувања, идеолошките и партиските уверувања, географското потекло, релевантните знаења и вештини.

Непартијност

Член 10

Членовите на органите на МЦМС не треба да претставуваат посебни идеолошки или партиски уверувања.

Членовите на органите на МЦМС не можат да вршат партиски активности, како директно учество во избори и изборна кампања, а во таков случај треба да го стават во мирување членството во органите на МЦМС.

Повеќечинителски пристап

Член 11

Во МЦМС се одразува духот на партнерство меѓу различните чинители во подрачјето на дејноста на МЦМС. Советот и Управниот одбор се одраз на различните општествени интереси и чинители во подрачјата на дејноста на МЦМС и нивните членови се истакнати лица од: граѓанските организации, од црквите и верските заедници, од институциите за истражување и развој, истакнати лица со влијание во јавноста, од медиумите, од приватниот сектор, од локалната самоуправа и од меѓународните организации.

Под граѓански организации се подразбираат организации регистрирани според соодветен закон (за здруженија на граѓани и фондации) и кои имаат мисија во согласност со една или со повеќе цели на МЦМС, со приоритет на организации засновани на членство, организирани на национално или на регионално ниво, со операции кои имаат значителни резултати и влијание.

Под цркви и верски заедници се подразбираат цркви и верски заедници и организации засновани на вера регистрирани според соодветен закон.

Под институции за истражување и развој се подразбираат институции за истражување, развој, советување и унапредување на дејноста, без разлика на правната форма (организација, претпријатие или установа), со мисија во согласност со една или со повеќе цели на МЦМС, активни на национално или на регионално ниво, со операции кои имаат значителни резултати и влијание.

Под приватен сектор се подразбираат организации на основа на членство, како здруженија на работодавачи, работници, струкови организации и стопански комори, како и истакнати претприемачи и раководители и организации основани за општествена одговорност на претпријатијата.

Под меѓународни организации се подразбираат странски или мултилатерални институции и организации кои дејствуваат во Македонија, на Балканот и глобално.

Под национално ниво се подразбира Македонија, а под регионално ниво се подразбира и поширокото значење на регионот на Балканот и на потесното значење на внатрешен регион (операции/активности во најмалку десет општини).

Записник од избори

Член 12

На седниците на кои се врши избор на членови на Советот и на Управниот одбор, записникот го води записничар – нотар и истиот се заверува од претседавачот на Советот и од претседавачот на Управниот одбор.

Начин на гласање

Член 13

Избор и разрешување на членови на Советот и Управниот одбор на МЦМС се врши со тајно гласање, а на другите органи и работни тела со јавно гласање.

## 2. Номинациски комитет

Дефеницијa на Номинациски комитет

Член 14

Изборот на членови на органите на општо управување и надзор го води Номинациски комитет. Номинацискиот комитет е постојано работно тело избрано од Советот, со мнозинство од бројот на присутните членови на Советот, по предлог на Управниот одбор.

Членовите на Номинацискиот комитет се избираат за време од четири години.

Номинацискиот комитет работи на седници. За одлучување е потребно присуство на мнозинство од членовите во Номинацискиот комитет. Се одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Номинацискиот комитет. Номинацискиот комитет може да одлучува и без одржување состанок или без присуство, ако членовите дадат писмена согласност за актот кој што се донесува.

Бројност и состав на Номинациски комитет

Член 15

Номинацискиот комитет е составен од три члена, претседавач и два члена, и три заменика, од кои два члена и два заменика се од Советот и Управниот одбор или независни членови и еден член и заменик од Одборот на директори и Извршната канцеларија.

Делокруг на Номинациски комитет

Член 16

Номинацискиот комитет:

- се грижи за законско и статутарно спроведување на изборот;
- ги собира и ги разгледува предлозите;
- обезбедува примена на начелата за ограничување на повторен избор односно именување;
- составува листа на кандидати за избор на членови на органи на општо управување и надзор на МЦМС и дава мислење за кандидатите од гледна точка на исполнувањето услови и критериумите;
- ги утврдува и објавува резултатите од гласањето.

Исклучување од одлучување

Член 17

Членовите на Номинацискиот комитет својата функција ја извршуваат непристрасно, совесно и одговорно во согласност со надлежностите утврдени со овој Правилник.

Член на Номинацискиот комитет се исклучува од одлучувањето на Номинацискиот комитет, ако е кандидат за избор во органите на општо управување и надзор на МЦМС.

## 3. Предлагање и утврдување на кандидати

Предлог за кандидат

Член 18

Предлогот за кандидат за избор во органите на општо управување и надзор се поднесува на посебен образец кој најмалку содржи: име и презиме на кандидатот, назив на органот за кој се кандидира, називите на овластените предлагачи, лична изјава на кандидатот дека ја прифаќа кандидатурата, како и биографија на кандидатот.

Предлог за кандидат за избор во постојани и привремени работни тела, кој е веќе член на органите за општо управување и надзор, се поднесува со усмена или писмена белешка.

Одлучување кај предлагачите

Член 19

Повиканите предлагачи – институции, ги утврдуваат кандидатите во согласност со сопствените општи акти.

Рок за поднесување на предлог

Член 20

Предлозите за кандидати за избор во органите на општо управување и надзор се доставуваат до Номинацискиот комитет, најдоцна 18 дена пред денот на одржување на изборите.

Предлозите за кандидати за избор во избор во постојани и привремени работни тела се доставуваат директно до органот кој го врши изборот.

Прифаќање на кандидатурите

Член 21

Номинацискиот комитет утврдува дали предлозите за кандидати се поднесени во утврдениот рок и се составени согласно со одредбите на овој Правилник.

Ако Номинацискиот комитет утврди дека се направени одделни пропусти или неправилности, ќе ги повика подносителите на предлозите веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да ги отстранат констатираните пропусти или неправилности.

Номинацискиот комитет ги потврдува или отфрла предлозите на кандидати со решение.

Листа на кандидати

Член 22

Врз основа на предлозите за кандидати, Номинацискиот комитет составува листа во која кандидатите се наведуваат по азбучниот ред на нивните презимања.

## 4. Спроведување на изборите

Избор на седница

Член 23

Изборите се спроведуваат на седница на Советот, односно на седница на Управниот одбор, со тајно или јавно гласање.

Членот на Советот, односно на Управниот одбор, кој не е во можност да гласа на седницата на Советот, односно на Управниот одбор, а сака да гласа, ќе го извести Номинацискиот комитет, најдоцна три дена пред денот на одржување на изборите и ќе го достави своето гласачко ливче во затворен плик.

Гласачко ливче

Член 24

Гласачкото ливче содржи:

1. Орган за кој се врши изборот;
2. Број на кандидатите што се избираат;
3. Презиме и име на кандидатот;
4. Назив на овластените предлагачи.

Начин на гласање

Член 25

Гласањето се врши со заокружување на редниот број пред презимето на кандидатот.

Членот на Советот, односно на Управниот одбор се потпишува на листата на присутни при гласањето.

Неважечко ливче

Член 26

За неважечко се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата на повеќе кандидати од бројот на членови кои се избираат, непополнетото гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат е гласано.

Утврдување резултати

Член 27

Номинацискиот комитет ги утврдува и објавува резултатите од изборите и за тоа му поднесува записник на Советот.

Записникот содржи: орган за кој се врши изборот; број на кандидатите што се избираат; вкупен број членови на Советот односно Управниот одбор; вкупен број членови на Советот односно на Управниот одбор кои гласале, број на членови на Советот односно на Управниот одбор кои гласале по писмен пат; број на неважечки ливчиња; име и презиме на кандидатите и назначување колку гласови добил секој од нив; и име и презиме на избраните кандидати.

Советот односно на Управниот одбор го одобрува записникот од став 1 од овој член со мнозинството од бројот на членови во Советот односно на Управниот одбор кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Избор со мнозинство гласови

Член 28

Доколку има повеќе кандидати од места кои се избираат, избран е кандидатот што добил мнозинство гласови од членовите на Советот односно на Управниот одбор кои гласале.

Доколку два или повеќе кандидати добиле еднаков број на гласови, се спроведува втор круг на гласање на истата седница на Советот односно на Управниот одбор. Доколку и по вториот круг на гласање два или повеќе кандидати добиле еднаков број гласови, мандатот се доделува со ждребување.

Поништување на избори

Член 29

Номинацискиот комитет со решение ќе ги поништи изборите ако се утврди дека во гласачката кутија има поголем број гласачки ливчиња од членови кои гласале.

Изборите во случај од став 1 од овој член ќе се повторат на истата седница на Советот.

## 5. Избор на совет

Дефиниција на Советот

Член 30

Советот на МЦМС (во понатамошниот текст: Советот) е највисок орган на општо управување и надзор на МЦМС.

Бројност на Советот

Член 31

Советот брои од деветнаесет до дваесет и пет члена.

Бројот на членовите на Советот го утврдува Советот со мнозинство од вкупниот број членови.

Избор и мандат на Советот

Член 32

Членовите на новиот Совет поединечно ги избира постојниот (актуелниот) совет со мнозинството од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Изборите за членови на новиот Совет ги распишува претседавачот на Управниот одбор, најмалку еден месец пред истекот на периодот за кој е избран постоечкиот Совет.

Доколку не се изберат онолку членови колку што брои Советот, постапката за избор на непополнетите места во Советот се повторува.

Членовите на Советот се избираат за време од четири години, со право на два повторни избори.

Квоти во Советот

Член 33

Во согласност со повеќечинителскиот пристап, во Советот има квоти, и тоа:

- најмалку пет члена ќе се изберат од редот на граѓанските организации;
- најмалку три члена ќе се изберат од редот на црквите и верските заедници;
- најмалку два члена ќе се изберат од редот на институциите за истражување и развој;
- најмалку два члена ќе се изберат од истакнати лица со влијание во јавноста и од медиумите;
- најмалку два члена ќе се изберат од редот на приватниот сектор;
- најмалку два члена ќе се изберат од редот на локалната самоуправа;
- најмалку еден член ќе се избере од редот на меѓународните организации.

Предлагање членови на Советот

Член 34

Кандидатите за членови на Советот може да бидат по предлог на членови на Советот и на Управниот одбор, со самопријавување или предложени од соодветни институции.

Кандидатите за членови на Советот може да предлагаат најмалку три члена од претходниот состав на Советот или два члена од Управниот одбор, или со самопријавување.

Еден предлагач може да предложи само еден кандидат за член на Советот.

Листата на соодветни институции - предлагачи ја утврдува Советот, на предлог на Управниот одбор.

Членовите на Советот се избираат од утврдените кандидати, чиј број треба да изнесува повеќе од бројот на членовите кој се избира.

Дополнително вклучување на член на Советот

Член 35

Советот, за подобрување на афирмативноста, дополнително може да вклучи најмногу два члена на Советот, без постапка за избор, со кооптација.

Кандидатите од став 1 од овој член ги утврдува Управниот одбор со двотретинско мнозинство.

Избор на претседавач на Советот

Член 36

Претседавачот на Советот се избира за секоја одделна седница, на самата седница, по предлог на Управниот одбор или на три члена на Советот. За претседавач на Советот може да се избере секој член на Советот, со исклучок на членовите на Управниот одбор.

## 6. Избор на управен одбор

Дефиниција на Управниот одбор

Член 37

Управниот одбор е орган на општо управување и надзор над секојдневното управување на МЦМС.

Бројност на Управниот одбор

Член 38

Управниот одбор го сочинуваат најмалку седум, но не повеќе од девет членови, и тоа: претседавач, заменик-претседавач и пет до седум члена.

Бројот на членови на Управниот одбор го утврдува Советот.

Избор и мандат на Управниот одбор

Член 39

Членовите на Управниот одбор ги избира Советот со мнозинство од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Доколку не се изберат онолку членови колку што брои Управниот одбор, постапката за избор на непополнетите места во Управниот одбор се повторува.

Членовите на Одборот имаат мандат од четири години, со право на два повторни избори.

Квоти во Управниот одбор

Член 40

Во согласност со повеќечинителскиот пристап, во Управниот одбор има квоти, и тоа: најмалку по еден член ќе се избере од кандидатите од редот на граѓанските организации, црквите и верските заедници, институциите за истражување и развој, приватниот сектор и другите неспоменати предлагачи.

Кандидатите за членови на Управниот одбор се предлагаат од два члена на Советот. Ист предлагач може да предложи до два кандидата за членови во Управниот одбор.

Избор на претседавач на Управниот одбор

Член 41

Претседавачот на Управниот одбор, како и заменик-претседавачот, го избира Управниот одбор, со мнозинство членови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Кандидатите за претседавач и заменик претседавач на Управниот одбор се предлагаат од два члена на Управниот одбор. Ист предлагач може да предложи еден кандидат.

## 7. Избор на комисија за ревизија

Дефиниција на Комисијата за ревизија

Член 42

Комисијата за ревизија е постојан орган избран од Управниот одбор на МЦМС.

Состав на Комисијата за ревизија

Член 43

Комисијата за ревизија ја сочинуваат најмалку три, но не повеќе од пет члена.

Бројот на членови на Комисијата за ревизија го утврдува Управниот одбор.

Најмалку еден член на Комисијата за ревизија се избира од членовите на Управниот одбор, а другите од редот на членовите на Советот или од независни членови.

Членовите треба да имаат познавање за работењето на МЦМС, познавања од областа на финансиското работење и ревизија, како и познавање за ризиците на кои е изложен МЦМС.

Членовите на Комисијата за ревизија од своите редови избира претседавач.

Предлагање и избор

Член 44

Кандидатите за членови на Комисијата за ревизија може да бидат предложени од два члена на Управниот одбор. Ист предлагач може да предложи до два кандидата за членови во Комисија за ревизија.

Комисијата за ревизија ја избира Управниот одбор, со мнозинство членови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

## 8. Избор на работни тела

Избор на постојани и привремени работни тела

Член 45

За расправа по прашањата од својата надлежност, Советот и Управниот одбор основаат комисии и други работни тела, кои се основаат како постојани или како привремени.

Членовите на постојаните и привремените комисии и други работни тела, основани од Советот или Управниот одбор, се избираат со мнозинство од бројот на членовите во соодветниот орган кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Со актот за основање се утврдува предмет и делокруг на работа, бројноста, периодот на работа и се врши изборот на членовите.

Предлагање

Член 46

Членовите на постојаните и привремените комисии и други работни тела, основани од Советот или Управниот одбор, се предлагаат од Номинацискиот комитет.

# III. ОДГОВОРНОСТ И ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Разрешување и оставка

Член 47

Претседавачот на Управниот одбор може да предложи разрешување член на органите на општо управување и надзор, по сопствена иницијатива или на барање на четири члена на Советот или на два члена на Управниот одбор.

Отповикување, односно разрешување член на органите на општо управување и надзор не може да бара лице кое го кандидирало членот за избор во органите на МЦМС.

Разрешување член на органите на општо управување и надзор може да биде предложено поради неисполнување на правата и одговорностите согласно со Статутот и општите акти на МЦМС, а посебно, но не исклучиво, за: постапување во спротивност или кршење на одредбите на Статутот, отстапување од утврдената долгорочна политика и стратегија на МЦМС, претставување на МЦМС кое не е во согласност со улогата и идентитетот на МЦМС, неприсуство од неоправдани причини на најмалку три последователни седници на органите на општо управување и надзор.

Во случај предлогот за разрешување да се однесува за претседавачот на Управниот одбор, на барање на четири члена на Советот или на два члена на Управниот одбор, барањето се проследува директно до Советот.

Член на органите на општо управување и надзор може да поднесе оставка.

Изборот за испразнетите места е во оригиналниот мандат.

Одлука по прашања од овој член донесува Советот, односно органот кој одлучува за изборот, со мнозинство од бројот на членовите кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

# IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Престанок на примена

Член 48

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да се применува Правилникот за избори на членови на Советот и Управниот одбор на МЦМС (д.б. 01-428/1-2004).

Влегување во сила

Член 49

Овој Правилник влегуваат во сила со денот на објавувањето.

СКл/СКл
Бр. 01-366/2-2008
Скопје, 12.11.2008 г.

Ѓунер Исмаил
Претседавач на Советот

Наташа Габер-Дамјановска
Претседавач на Управниот одбор